**- нацрт текст -**
6 јануари 2012

# Социјални насилства

**Социјалното насилство** во зависност од својата `длабочина` (сериозност во поглед на последиците што настанале или што може да настанат врз жртвата) се делат на: десоцијализација, асоцијализација и антисоцијализација.

**Десоцијализација** значи дека врз жртвата (детето) се правени такви постапки што го остава само, осамено, го прави без друштво или недруштвен, несамостоен, патолошки зависен од друг(и), или, дури и како возрасен, неснаодлив (неспособен) самиот да се справува со предизвиците на животот. Социјално здрав човек едновремено е (доволно) и друштвен и самостоен.

**Асоцијализација** значи дека врз жртвата се правени такви постапки што го направиле непријатен за друштво. На другите во неговата околина им предизвикува непријатни чувства и моменти. Правно гледано, не се сериозна закана за околината, но можат да бидат вистинска напаст за емоциите и убавото расположение, и да предизвикуваат душевна болка, скрб, психолошки трауми и стрес.

**Антисоцијализација** значи дека врз жртвата се правени такви постапки што го прави (детето) антисоцијално односно опасно за општеството, особено кога ќе порасне. Антисоцијалните се крајно деструктивни и се сериозна закана за друштвото. Како последица им останало наталожен бес, патолошка недоверба во другите, низок степен на фрустрација, неможност да си го одложи задоволството (или задоволувањето на потребата). Прави деликвенти, брутално се заканува, тепа, убива, силува, монтира процеси, на друг начин загорчува туѓи животи и сл.

Социјалното насилство може да биде **институционално**, кога тоа врз детето го прават институциите, и **семејно**, кога го прават родителите или старателите.

Кога едниот родител го остава детето без другиот родител и неговиот авторитет, заштита и топлина, односно го остава детето без татковство или мајчинство, или без братот/сестрата, е само еден вид **семејно социјално насилство** и не се знае колку и какви последици ќе остави врз детето. Неизвесно е, како тоа ќе се одрази на неговите деца, семејството и општеството.

Кога Центарот за социјални работи, после развод, со ригидно и премалку доделено видување го остава детето без татковство/мајчинство е **институционално социјално насилство** врз семејството.

**Институционално насилство** е кога врз база на закон, јавни овластувања или институционални практики, непотребно на човек му се загрозува или загорчува животот или здравјето.

Садо-мазо. Да се прашаат психолозите како се развива садизмот и мазохизмот кај децата (луѓето).